**Македонски Телеком АД - Скопје**

Согласно Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото) и Одлуката на Одборот на директори на Друштвото (арх. бр. 120920/1 од 24.2.2023 година), Собранието на Друштвото на својата годишна седница одржана на ден 30.5.2023 година ја донесе следната

# Предлог Одлука

**за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото**
**за годината што завршува на 31 декември 2022 година**
**во согласност со  Меѓународните стандарди за финансиско известување**

**Член 1**

Собранието на Друштвото ги усвојува ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2022 година во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување, заедно со ревизорското мислење, кои се дадени во прилог како составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Секторот за контрола, сметководство и даноци треба да го организира доставувањето на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2022 година во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување, заедно со ревизорското мислење, до надлежните државни институции во согласност со законските прописи.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**